3932


PRES-SERVIS
NOVINSKO-IZDAVACKO PREDUZECE SAVEZA NOVINARA JUGOSLAVIJE
PRESS PUBLISHING ENTERPRISE OF THE FEDERATION OF YUGOSLAV JOURNALISTS
BEOGRAD — Knez Mihajlova 2/X — Pošt. fah 842
Tel. 621-578
Ček. račun 101-11/1-804
Current Account with Yugoslav National Bank
SLUŽBA DOKUMENTACIJE
CLIPPING SERVICE

Isečak iz lista
Newspaper cutting
НОВА МАКЕДОНИЈА
Скопје
12. VIII. 1967


**Разговараме**

# ЈАНКУЛОВСКИ ИЗЛАГА ВО БЕЛГИЈА

**— По Белгија, сликарот Александар Јанкуловски ќе излага свои дела и во Мичиген**

Јоз Беек, сликар и архитект од Белгија, минатата година престојуваше во Македонија. Прво во Битола, а потоа и во Скопје; Во Битола пристигна во време кога беше отворена изложба на членови на ДЛУМ, а во Скопје, токму по видувањето на оваа изложба.

Што, всушност се случи?

Јоз Беек на изложбата на македонските сликари и вајари во Битола забележа само една слика — „Срж“. Тогаш побара да го запознае авторот и, во Скопје, во Уметничката галерија, ја доби адресата на Александар Јанкуловски. Истиот ден го посети и неговото ателје, истиот ден од него откупи две-три слики и — му предложи да му организира изложба во Белгија.

Оттогаш, до денес, кога веќе е утврден терминот на првата изложба во Белгија, што ќе биде отворена на 8 септември во Мехелех, Александар Јанкуловски доби повеќе писма, барања да ја отвори изложбата во предградието на Брисел, во Мехелн, потоа и во Брисел и во Атверпен. Во Белгија сметаат, дека сликарските платна на Јанкуловски имаат „психолошка основа“ и дека „ткивото на материјата што ја обработуваат е специфично“.

Александар Јанкуловски во Белгија ќе прикаже 20 сликарски платна и 10 цртежи. Во меѓувреме понудена му е и стипендија за стручно усовршување во оваа земја.

Во разговор со уметникот, се интересиравме: што значи за него ова излегување од земјата?

— Веќе знаете — дека не е туристичко... Што значи? Многу. Знаете, досега кај нас ниедна професионална уметничка установа не зела на себе да прикаже мои дела.

**— Па, Вие имавте самостојна изложба пред две години, бевте застапени и на изложбата на „Македонското сликарство — млада генерација“, и на други заеднички изложби на ДЛУМ. Ваша слика има и на Триеналето во Белград.**

— Самостојната изложба сам ја отворив. Колегите упорно ја игнорираа. Заедничките изложби на ДЛУМ се за сите членови на Друштвото. Она дело, што е на Триеналето, го зеде Комисијата што дојде овде, во Скопје, да направи избор.

**— Што очекувате од Белгија?**

— Една широка афирмација. Ова очекување не е без основа. Јас бев во Брисел, по покана на организаторите, и тие уште сега ја најавуваат изложбата со една голема репродукција. По Белгија, веројатно, ќе дојде Мичиген. Еден колекционер ми зеде 10 платна. Но, оваа изложба ќе биде подоцна. Моментно, немам слики за прикажување — сите се веќе некаде, а работам долго врз едно платно. Затоа, одбив да излагам и во Охрид, Софија и Виена.

**— А, како е со откупувањето овде?**

— Како и излагањето. Зарем уште не знаете кој и што откупува? Ете, за моите изложби имало добри критики — но нема откупи!

**(О. Сп.)**